Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје

# МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## ПРОСЛАВА НА НОВА ГОДИНА

Новата 2011 година, вработените на Машински факултет, заедно со вработените од Фармацевтски факултет ја прославија на Велешко Езеро во хотелот „Романтик“. За време на прославата беа собрани доброволни прилози за новогодишни пакетчиња за децата од домот „11 Октомври“. Прославата измина одлично. Посебен акцент на прославата дадоа стомачните танчарки кои ја подигнаа атмосферата на повисоко ниво. Не треба да се заборави и високата музикалност на колегите кои покажаа дека имаат високо познавање на многу популарни нумери. За крај, прекрасниот огномет го означи крајот на оваа прекрасна прослава.



## ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ - НАУЧНА МОНОГРАФИЈА

Како резултат на соработката помеѓу Машинскиот факултет-Скопје при УКИМ и Машинскиот факултет при Универзитетот во Марибор, излезе од печат **научната монографија** со наслов: **"Innovative Production Systems Key to Future Intelligent Manufacturing"**. Научната монографија е издание на Универзитетот во Марибор, Словенија, (ISBN 978-961-248-250-3, COBISS.SI-ID 65957633), составена од 20 одделни поглавја, на 287 страници, каде се презентирани резултати од истражувања на автори од двете наведени иститутции и нивна соработка со истражувачи од други европски земји. Уредници на научната монографија се проф. д-р Франц Чуш од Машинскиот факултет при Универзитетот во Марибор и вон. проф. д-р Валентина Гечевска од Машинскиот факултет - Скопје при УКИМ во Скопје.

## ИНТЕРВЈУ

Проф. д-р Ристо Цицонков беше поканет да даде интервју за публикацијата "Refrigeration Near” на фирмата Alfa Laval (Шведска) во врска со новите технологии во ладилната техника. Посебен осврт е даден на ладењето со природни ладилни флуиди. Интервјуто е објавено и може да се симне на интернет од веб страницата на компанијата http://www.alfalaval.com во делот индустрија - ладење и климатизација.

## ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

На минатата седница на ННС беше промовирана новата книга на проф. д-р Делчо Јованоски со наслов: „ПРОИЗВОДНИ СИСТЕМИ - структура, анализи, проектирање“. Ова е ново, проширено и разработено издание на претходната книга со наслов „Производни системи“. Во ова издание, освен измените во сите поглавја, кои се проширени и подобрени, додадено е и ново, шесто поглавје (Примери за проектирање на фабрики), каде се изнесени три примери на проекти за фабрики при Катедрата за индустриско инженерство и менаџмент. Во овие примери е прикажана примената на големиот број на методологии и методи што се изучуваат во дисциплината Производни системи.

## ОДБРАНА

На ден 14.01.2011 пом. асс. Елисавета Дончева ја одбрани магистерската работа на тема "Теоретска и нумеричка анализа на механизмот на иницирање на микропрснатини во метална структура ".

**ЧЕСТИТАМЕ!!!**

## ВАСИЛИЦА

На традиционалното вртење паричка по повод православниот верски празник Василица, паричката се падна кај Деканот. Присутните вработени му честитаа на Деканот и му посакаа бериќет оваа година.

## ОТСУСТВА

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец јануари 2011 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Вон.проф. д-р Јасмина Чалоска заради учество на регионалниот состанок на тема: "Иновации во инженерското проектирање" одржан на Техничкиот факултет во Ријека, оствари службено патување во Р.Хрватска од 26-28 јануари 2011 година.
2. Вон. проф. д-р Петар Симоновски и асс. м-р Александар Костиќ во период од 13-17 јануари 2011 година реализираа службено патување во Украина каде што спроведоа активности во областа на одобрување на возила.
3. Вон. проф. д-р Валентина Гечевска во рамки на Темпус проектот во период од 15-22 јануари 2011 година учествуваше во работата на работилницата организирана од Машинскиот факултет при Универзитетот во Марибор, Р.Словенија.
4. Доц. д-р Игор Ѓурков во период од 17-23 јануари 2011 година оствари студиски престој на истражувачките институции во Здружениот истражувачки центар во Милано, Италија.
5. Вон. проф. д-р Атанас Кочов во период од 17-19 јануари 2011 година учествуваше на 92-от состанок на "JRC Board Governors" на Европскиот истражувачките центар во Испра и Милано, Италија, како член на истиот.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**22.02.2011**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**24.02.2011**
**28 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2010, јануари, број 97**

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## НОВОГОДИШНА АКЦИЈА

Машинскиот факултет го отвори своето срце за штитениците на Домот за деца без родители „11 Октомври“. На иницијатива на дел од вработените беа собрани средства со кои се купија 60-тина новогодишни пакетчиња. Пакетчињата беа поделени во Домот „11 Октомври“, а децата беа пресреќни од новогодишните подароци.

